ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВО БРОЈКИТЕ ВЕРУВАМЕ
IN NUMBERS WE TRUST.

ИСОС
ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-1157/16
15.12.2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 17 став 12 точка 21 и член 30 став 3 од Законот за вршење на сметководствени работи (Службен весник на РСМ бр.173/22 од 01.08.2022 година и бр.47/25 од 28.02.2025 година) и член 19 точка 20 од Статутот на Институтот за сметководители и овластени сметководители на РСМ, Собранието на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија, ја донесе следната:

# Годишна програма за континуирано професионално усовршување за 2026 година

Во согласност со Законот за вршење на сметководствени работи, Правилата на Меѓународната федерација на сметководители, како и Кодексот за етика на професионалните сметководители и одредбите на Меѓународните стандарди за образование се воведува задолжително континуирано професионално усовршување за сите сметководители и овластени сметководители со цел обновување, проширување и осовременување на стручното знаење.

Континуираното професионално усовршување допринесува за стручен развој на сите сметководители и/или овластени сметководители.

Континуираното професионално усовршување претставува преземање на прифатливи активности кои придонесуваат за континуирано професионално усовршување кои резултираат со очекуван развој на стручното знаење, умешност, вредности, етика и ставови на сметководителите и/или овластените сметководители, како и активности релевантни за нивната сегашна и идна работа и стручни обврски.

Континуираниот професионален развој му овозможува на сметководителот и овластениот сметководител да ја развива и да ја одржи способноста компетентно да работи во рамките на професионалното опкружување.

Континуираното професионално усовршување се спроведува како организирана едукација со посета на еднодневни или повеќедневни обуки поделени по тематски единици, организирани од страна на Институтот и/или од правните лица кои даваат услуги за

советување и едукација од областа на сметководството, финансиите, даноците, корпоративното право и работните односи на кои Институтот им издал одобрение за спроведување на обуки за континуирано професионално усовршување и кои се запишани во Регистарот на правни лица кои спроведуваат обуки за континуирано професионално усовршување и/или други видови на облици на организирана едукација.

Континуираното професионално усовршување се врши согласно Правилникот за континуирано професионално усовршување и оваа Годишна програма за континуирано професионално усовршување донесена од Собранието на Институтот, која е усогласена со програмите за континуирано професионално усовршување на други професионални тела од областа на сметководството, ревизијата, финансиите, даноците и работните односи.

Во табелата на следната страна, колоната „Процент од вкупно часови" означува интервал изразен во % кој што Институтот и сите правни лица кои спроведуваат обуки за КПУ треба да го почитуваат и се пресметува од вкупниот број на одржани часови на Континуирано професионално усовршување.

| Бр. | Наслов | Процент од вкупно часови |
|---|---|---|
| 1. | **Сметководство, МСС, МСФИ, финансии, финансиска анализа и со нив поврзани знаења Стандарди за одржливост ESG** | **55%-60%** |
| | - Примена на професионални стандарди и нивна измена (МСС, МСФИ, МСФИ за МСЕ);<br>- Воведување и примена на ново усвоените МСС и МСФИ<br>- Сметководствено, финансиско и останато поврзано знаење за субјекти од јавен сектор;<br>- Интерни контроли и управување со ризик;<br>- Управувачко сметководство;<br>- Финансии и финансиски менаџмент;<br>- Поставеност на контролата на квалитет согласно новиот Закон за вршење на сметководствени работи;<br>- Анализа на финансиски извештаи<br>- Подготовка на извештаи за екстерни корисници на извештаите од областа на сметководство и финансии<br>- ESG Основни елементи за сметководителите<br>• Разбирање на KPIs со финансиско влијание<br>• ESG ризици кои влијаат на биланси<br>-Практични задачи: CO2 калкулација, HR флуктуација, материјалност<br>• Подготовка на ESG обелоденувања<br>• Поврзување ESG со финансиски извештаи<br>• Data checks<br>- Алатки: ESG Template,KPI листа.<br><br>- ESG Внатрепни контроли<br>• Дизајн на ESG контроли<br>• Вкрстување ESG → финансиски книги<br>• Документација за методологија | |

| | | |
|---|---|---|
| **2.** | **Организациски и деловни знаења** | **8-12%** |
| | - Организациска поставеност на компаниите<br>- Сметководствената функција како дел од организацијата<br>- Сметководството како помош за донесување деловни одлуки<br>- Корпоративно управување<br>- Менаџмент на промени<br>- Преку подобар фокус кон клиентите до зголемен квалитет на услугите<br>- Ефикасно и ефективно корпоративно управување на сметководствени бироа<br>- Оперативен менаџмент во сметководствената професија<br>- Проектен менаџмент во сметководствена и финансиска функција<br>- Трансформација на сметководствената функција<br>- Преку стандардизиран процес на проток на информации до зголемен квалитет на услугата | |
| **3.** | **Знаење и компетентност во областа на информатичката технологија** | **8%-10%** |
| | - Дигитализација на работни процеси во вршење на сметководствени работи<br>- Специфики, трендови и новитети во информатичката технологија за сметководство и финансии;<br>- Софтвер алатки за создавање додадена вредност на корисниците на сметководствени и финансиски информации (меѓународно застапени софтвери)<br>- Примена на интерни контроли во процесот на дигитализација на сметководственото работење со цел фокус на квалитетот на услугата | |
| **4.** | **Законска рамка во врска со изготвување годишни сметки и финансиски извештаи и на консолидирани годишни сметки и финансиски извештаи** | **5-10%** |
| | • **Годишна сметка и финансиски извештаи - МСФИ /** | |

| | | |
|---|---|---|
| | МСС за МСЕ<br>• **Годишно даночно известување:**<br>- Данок на добивка<br>- Данок на вкупен приход<br>- Данок на вкупен приход за непрофитни организации<br>• **Годишна сметка и финансиски извештаи – Законска регулатива:**<br>- Закон за трговски друштва и подзаконски прописи<br>- Закон за сметководство на непрофитни организации и подзаконски прописи | |
| **5.** | **Законска регулатица, даноци и даночен систем** | **Max 15%** |
| | - Актуелни теми од Данокот на додадена вредност;<br>- Актуелни теми од Данококот на личен доход;<br>- Актуелни теми од Данокот на добивка;<br>- Актуелни теми од областа на социјалните придонеси;<br>- Актуелни теми од Царинскиот закон;<br>- Актуелни теми од Закон за даноци на имот;<br>- Актуелни теми од Закон за акцизи;<br>- Актуелни теми од Законот за минимална плата;<br>- Актуелни теми од Закон за исплата на плати;<br>- Актуелни теми од Закон за данок на личен доход<br>- Актуелни теми од Законот за даночна постапка;<br>- Влијание на законска регулатива од областа на сметководството и финансиите врз финансиски и раководни одлуки;<br>- Прописи и примена на прописи од областа на спречување на перење пари<br>- Закон за трговските друштва<br>- Закон за вршење на сметководствени работи;<br>- Законот за работните односи (законски и подзаконски акти);<br>- Закон за сметководство за непрофитни организации;<br>- Закон за јавни набавки; | |

| | | |
|---|---|---|
| | - Закон за облигациони односи;<br>- Закон за банки;<br>- Закон за јавни претпријатија;<br>- Промени на законски и подзаконски акти | |
| 6. | **Етика, професионална компетентност и професионално однесување** | 8%-10% |
| | - Дел А: Општа примена на кодексот;<br>- Дел Б: Професионални сметководители во јавна практика;<br>- Дел В: Професионални сметководители во деловното работење;<br>- Дисциплинска одговорност на професионалните сметководители<br>- Обработка на актуелни теми преку практични примери од делот на етиката и преглед на промените настанати по ажурирањето на Кодексот на етика. | |

**Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија**
*ул. „Св. Кирил и Методиј", бр.20 кат бр.2, Скопје, Република Северна Македонија*
тел.: +389 2 3200 030; +389 70 283 807; web: www.isos.com.mk; e-mail: info@isos.com.mk

ИСОС ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВО БРОЈКИТЕ ВЕРУВАМЕ
IN NUMBERS WE TRUST

На сметководителите и овластените сметководители им се овозможува да присуствуваат на еднодневни програми за едукација во траење од минимум 4 до максимум 8 одржани часови (1 одржан час = 40 минути) организирани од Институтот и/или од правните лица кои спроведуваат обуки за КПУ.

Доколку Институтот и/или правните лица кои спроведуваат обуки за КПУ, не ги исполнат во целост часовите од еднодневната програма за едукација, ќе се признаат онолку часови колку што реално биле исполнети во полно времетраење од 40 минути, и надоместокот за континуирано професионално усовршување ќе биде определен согласно утврдената висина на надоместок за континуирано професионално усовршување по час.

Доколку сметководителот или овластениот сметководител без оправдани причини предвреме ги напушти часовите од еднодневната програма за едукација ќе се признаат само бодови/часови за времето што го поминал на едукацијата во полно времетраење од 40 минути, и надоместокот за континуирано професионално усовршување ќе биде определен согласно утврдената висина на надоместок за континуирано професионално усовршување по час.

На сметководителите и овластените сметководители им се овозможува да присуствуваат на повеќедневни програми за едукација во траење од максимум 16 одржани часови (1 одржан час = 40 минути) организирани од Институтот и/или од правните лица кои спроведуваат обуки за КПУ.

Доколку Институтот и/или правните лица кои спроведуваат обуки за КПУ не ги исполнат во целост часовите од повеќедневната програма за едукација, ќе се признаат онолку часови колку што реално биле исполнети во полно времетраење од 40 минути, и надоместокот за континуирано професионално усовршување ќе биде определен согласно утврдената висина на надоместок за континуирано професионално усовршување по час.

Доколку сметководителот или овластениот сметководител без оправдани причини предвреме ги напушти часовите од повеќедневната програма за едукација ќе се признаат само бодови/часови за времето што го поминал на едукацијата во полно времетраење од 40 минути, и надоместокот за континуирано професионално усовршување ќе биде определен согласно утврдената висина на надоместок за континуирано професионално усовршување по час.

Обезбедените бодови/часови за иста тематска единица кај еден или повеќе акредитирани правни лица за спроведување на КПУ се признаваат еднократно во текот на една календарска година.

Сите видови на програми на едукација на континуирано професионално усовршување спроведени од Институтот и/или правните лица кои спроведуваат обуки за КПУ, задолжително се објавуваат на платформата на Институтот со детални информации за број на тематска единица, теми на настанот кои ќе се обработуваат, предавачи и место на настанот, надоместок и бодување, и истите ќе мора да бидат одобрени од страна на Институтот.

Правните лица кои спроведуваат обуки за КПУ се должни во рок од еден месец од објавување на Годишната програма за КПУ да достават до архивата на Институтот свои годишни програми распределени по квартали.

Претседавач на Собрание

---------------------------------------------

**Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија**
*ул. „Св. Кирил и Методиј", бр.20 кат бр.2, Скопје, Република Северна Македонија*
тел.: +389 2 3200 030; +389 70 283 807; web: www.isos.com.mk; e-mail: info@isos.com.mk